**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-88/5**

**Скопје, 22.01.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на единицата на локална самоуправа Македонски Брод сметка на Органот за 2005 година кои се прикажани на страните од 10 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Македонски Брод за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Лазо Станковски - градоначалник на општина Македонски Брод до 12.04.2005 година и
   - Милосим Војнески – градоначалник на општина Македонски Брод од 13.04.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 9 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 15.11.2006 до 21.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на интерни акти**

10.1.1. Службите на општина Македонски Брод немаат изготвено, а Советот нема донесено Програма за комунално уредување, улично јавно осветлување, капитални инвестиции што е спротивно на Статутот на општина Македонски Брод и на Законот за локална самоуправа. Активностите кои општина Македонски Брод ги превзема во доменот на изградба, реконструкција и одржување на објектите во областа на комуналната инфраструктура, без конкретна усвоена програма создава можност за субјективност во донесувањето на одлуките за приоритети и ја намалува транспарентноста во трошењето на јавните средства.
**Препорака:**
Надлежните служби да ги изготват, а Советот да ги усвои потребните програми согласно надлежностите на општината предвидени со законската регулатива.

10.1.2. Ревизијата се оградува од објективноста и реалноста на трошоците евидентирани на ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт подставката Горива и масла, поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација како основ за направените трошоци што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Општина Македонски Брод нема воспоставен систем на евиденција и контрола на користење на службените возила (нема налог за користење на службено возило). Непостоењето на истот дава можност за користење на возилата за приватни цели што доведува до зголемено и ненаменско трошење на средствата со кои располага општината.

10.1.3. Иако општина Македонски Брод има неколку корисници на мобилни телефони кои трошоци се признаваат на терет на работењето на општината, ревизијата смета дека е неопходно да се донесе Одлука за лимитарање на трошоците со цел економично и рационално корстење на средствата кои значат државни расходи.
**Препорака:**
Да се донесат потербните интерни акти со цел економично и наменско користење на јавните средства и контрола над нивното користење.

## 10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.2.1. Годишниот извештај на општина Македонски Брод, усвоен од советниците, не содржи извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност, извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските и капиталните дотации предвидени со член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Со самото тоа што овие извештаи не се изготвени, доставени и усвоени, се намалува можноста за поголема транспарентност и отчетност на работењето на органите на општина Македонски Брод во 2005 година.

**Препорака:**

Изготвувањето на годишниот извештај за работењето на единицата на локалната самоуправа да се темели на обврските кои произлегуваат од член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

10.2.2. За седум лица превземени со спогодба од подрачните единици на органите на државна управа, Градоначалникот на општина Македонски Брод нема донесено решенија за државни службеници во рамки на администрацијата на општина Македонски Брод. Ова е од причина што со постојниот Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Македонски Брод не се предвидени слободни работни места за работи од областа на утврдувањето и наплатата на даноци, комунални такси и други работи од надлежност на општината согласно Законот за локална самоуправа. Имено, иако Градоначалникот повеќе пати доставил до Советот предлог за измена на постојниот Правилник за систематизација на работните места, Советот одбил да ја постави оваа точка на дневен ред.

Неспроведувањето на процедурите согласно Законот за локална самоуправа и Статутот на општината придонесува за неисполнување на обврските за превземање на вработените од претходните работодавци, нивен недефиниран статус, и можности за неисполнување на целите и задачите поставени пред раководството на општината.

**Препорака:**

За успешно функционирање на општината неопходно е Советот на општина Македонски Брод што поскоро да ги усвои потребните измени за усогласување на постоечките интерни акти со важечката законска регулатива.

10.2.3. Општина Македонски Брод не води книга на основни средства што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ова е од причина што со години наназад, состојбите на набавната вредност и исправката на вредноста на материјалните средства се обезбедуваат од пописните листи, а поради немање доволно техничка опрема. Неводењето книга на основни средства доведува до немање можност да се изврши усогласувања на сметководствената со состојбите утврдени со пописот.

**Препорака:**

Согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници службата за сметководство да воведе книга на основните средства.

10.2.4. Спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските кориисници, промените на сметките за Материјали, резервни делови и ситен инвентар, не се рефлектираат како промени на сметката Извори на деловни средства. Ова е поради малите промени на претходно споменатите ставки, не утврдена конзистентна сметководствена политика за евидентирање на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар и нивен отпис при ставање во употреба, која треба да се применува во целиот пресметковен период согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Претходно наведеното создава можности да се нема увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар и непостоење политика за евидентирање на истите.

**Препорака:**

- Евидентирањето на набавката на ситниот инвентар да се врши согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- Набавката на материјали треба да се регулира со Општ акт со кој:
  - ќе се утврди потребата за набавка;
  - ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице и
  - ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатница/требување.

## 10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.3.1. Извршено е потценување на вкупните приходи и вкупните расходи во износ од 1,289 илјади денари поради неевиденитрани и неспроведени договори за цесии преку сметката на Буџетот и Органот и тоа:

- Општина Македонски Брод - Фонд за магистрални и регионални патишта на РМ – ДПТУ„Ѓорев"од Македонски Брод на износ од 127 илјади денари и
- Општина Македонски Брод- Фонд за магистрални и регионални патишта на РМ – АД „Тајмиште"од Кичево на износ од 1,162 илјади денари.

Овие договори се однесуваат на извршени работи во 2004 година. Договорите за цесија не се архивски примени во општина Македонски Брод и не се доставени до сметководството за нивно спроведување и евидентирање што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

Правниот субјект да не практикува регулирање на побарувањата и обврските со договори за цесии, ако истовремено истите не ги спроведува преку платниот – трезорскиот систем.

10.3.2. Ставката Стоки и услуги во делот на подставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт преценета е за износ од 66 илјади денари за кој износ е потценет Вишокот на приходи над расходи. Ова се должи на спроведени промени во сметководствената евденција на општина Македонски Брод без доволно поткрепувачка документација по фактури од ЈП „Водовод и канализација". Фактурите се однесуваат за чистење во мај и јуни 2005 година во Македонски Брод и реон Песина кон кои фактури нема спецификција на извршените работи како и нема доказ дека работата е извршена. Општината нема склучено договор со ЈП „Водовод и канализација" во кој ќе биде утврден предметот на работата и цените на услугите кои ќе ги врши ова јавно претпријатие. Евиденитрањето на промените во сметковдството на субјектот без доволно поткрепувачка документација е спротивно на член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

Настанатите финансиски трансакции да бидат поткрепени со веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи кои целосно и вистинито ја претставуваат финансиската трансакција согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;

## 10.4. Неправилности во искажувањето на билансот на состојба

10.4.1. Позицијата Материјали, резервни делови и ситен инвентар е нереално и необјективно искажана во Билансот на состојба на ден 31 декември 2005 година од причина што поради необезбедени вредности на ситниот инвентар во употреба превземен од единицата за Против пожарната заштита во Македонски Брод истите не се евидентирани во финансиската евиденција на општина Македонски Брод.

Во текот на ревизијата, надлежните лица превземаа активности за обезбедување на овие податоци од општина Прилеп (ППЗ единицата во Македонски Брод, работи како п.е. на ППЗ од Прилеп до 1.07.2005).

10.4.2. Ревизијата се оградува од реалноста и објективноста на ставката Материјални добра и природни богатства која во Билансот на состојба е проценета во износ од 260 илјади денари, а поради евидентирање на дворно земјиште околу административната зграда на општина Македонски Брод за чија сопственост службите на општината не доставија доказ.
Евидентирањето на промените без веродостоен сметководствен документ е спротивно на член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и создава можности за погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални и необјективни финансиски извештаи.
**Препорака:**
Да се изврши усогласување на состојбата на овие позиции согласно документите за сопственост на недвижен имот.

10.4.3. Проценетата вредност на позицијата Материјални средства во делот на подставката Градежни објекти која е проценета во износ од 9,202 илјади денари е нереална и необјективна од следниве причини:

1. Не се превземени активности во однос на обезбедување имотни листи, проценување и евидентирање во сметководствената евиденција објектите кои општина Македонски Брод ги има добиено согласно Решението на Влада на РМ бр. 23-257/74 од 08.02.2000 година за пренесување на правото на сопственост по делбен биланс помеѓу Република Македонија и новоформираните општини. Неевидентирањето на имот со кој располага општината е спротивно на членот 64 од Законот за локална самоуправа;
2. За превземениот имот од Општина Самоков која согласно Законот за територијална организација на единиците на локалната самоупрва, е припоена кон општина Македонски Брод, не се обезбедени имотни листи, не е извршена проценка на вредноста и евидентирање во сметководствента евиденција објектите кои општина Самоков ги има добиено согласно Решението на Влада на РМ бр. 23-257/76 од 08.02.2000 година;
3. Евидентиран е износ од 450 илјади денари како вредност на ТВ репетитор „Цоцан„ во близина на н.м. Пласница што всушност претставува учество на општината при неговото градење. Општината не располага со документи со кои би се докажале учеството, вредноста или сопственоста на истиот. Евидентираните промени за кои не постојат соодветни документи се направени спротивно на член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереално проценување на биласните позиции;
4. Не е извршено евидентирање на вредноста на изградениот мост над река Треска кај село Лаѓ, за чија градба во 2005 година средствата се обезбедени од Бирото за недоволно развиени подрачја на РМ во износ од 3,431 илјади денари;
5. Спротивно на член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, објектите кои се изградени со средствата од донациите а чиј корисник е општина Македонски Брод (фекална канализација во с. Долни Манастирец – 1,871 илјади денари и поплочување на улици во населба Македонски Брод- 4,425 илјади денари), не се евидентирани како Материјални средства и Извори на деловни средства во сметководствената евиденција на општината;
6. Не е евидентирана вредноста на изградениот водовод во с. Ореовец изграден во текот на 2001-2003 година чија вредност е 1,480 илјади денари,

за чија изградба средствата се обезбедени од Министерство за транспорт и врски со програмата за 2003 година;

7. Не се евидентирани трошоците направени за реконструкција на резервоарот за водоснабдување на Македонски Брод во износ од 2,208 илјади денари кои се обезбедени од Министерство за транспорт и врски со програмата за 2004 година;
8. Со решение од Бирото за стопански недоволно развиени подрачја, по барање на месна заедница Ковач на општина Самоков доделни се 3,275 илјади денари за изградба на каптажа и резервоар за населено место Ковач кои средства со договор за цесија во ноември и декември 2005 година уплатени се на изведувачот ДГ „Мартин“ од Самоков. Од документацијата која беше дадена на увид за општина Самоков, на ревизијата не и беше презентиран договор за градба и времени ситуации за градба на објектот. Инвестицијата не е заведена во сметководствената евиденција на општина Самоков ниту во сметководствената евиденција на општина Македонски Брод, така што нема податоци за состојбата на објектот.

Поради неевидентирање на овие промени што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за локална самоуправа, извршено е потценување на ставките Градежни објекти и Извори на деловни средства во вкупен износ од 16.240 илјади денари.

Причина за ваквата состојба е долгогодишната воспоставена пракса кај единиците на локалната самоуправа за неевидентирање на објектите од комуналната инфраструктура, кои ги гради општината, како Материјални средства и како Извори на деловни средства.

10.4.4. Позицијата Материјални средства во делот на подставката Опрема која во Билансот на состојба на ден 31.12.2005 година е проценета во износ од 526 илјади денари е нереална и необјективна од следниве причини:

1. Превземената опрема од единицата за ППЗ во општина Македонски Брод не е евидентирана како зголемување на соодветните ставки во сметководството на општината, а поради недоставени податоци за набавната вредност и исправката на вредноста. Во текот на ревизијата, надлежните лица превземаа активности за обезбедување на овие податоци од општина Прилеп (ППЗ единицата во Македонски Брод, работи како п.е. на ППЗ од Прилеп до 1.07.2005);
2. Поради недобро спроведените процедури за примопредавање на опремата што се доделува на општина Македонски Брод по делбените биланси со подрачните единици на Министерството за Транспорт и врски, Министерството за финансии и Министерството за образование, (кои се натурално вклучени во годишниот попис) не е извршено финансиско евидентирање на превземената опрема согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
3. Со пописот за 2005 година натурално се констатирани фотокопир, телфакс и компјутер превземени од Фондот за локални патишта, улици и комунално уредување на Македонски Брод кои се добиени како донација од Австриска влада, за која опрема службите на општина Македонски Брод немаат утврдено вредност.

Непочитувањето на законските прописи придонесува за погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на погрешни финансиски извештаи.

**Препорака:**

• Да се обезбедат имотни листи од Државниот завод за геодетски работи, за имотот на општина Македонски Брод;

• Да се обезбедат податоци за состојбите и вредностите на објектите изградени во општина Самоков пред укинување на општината а кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на општина Самоков;

• Да се изврши утврдување на вредноста на имотот и истата да се воведе во сметководствената евиденција;
• Да се обезбеди аналитичка евиденција на секое основно средство со сите потребни елементи;
• Да се изврши проценка на вредноста на донираната опрема и истата финасиски да евидентира;
• Да се изврши зголемување на вредноста на материјалните средства и нивните извори согласно вредностите во наодите.

10.4.5. Позицијата Материјални средства во подготовка е потценета за износ од 725 илјади денари за кој износ е потценета ставката Пасивни временски разграничувања, а поради неевидентирање на трошоците за изведување на градежно асфалтерски работи на улици во Македонски Брод. Ова се дел од трошоците по договор 07-388 од 25.10.2005 година склучен со Македонија Пат чија вредност е 2,794 илјади денари. Неевидентирањето на овие трошоци како материјални средства во подготовка е спротивно на Законот за сметкводство на буџетите и буџетските корисници, а е резултат на воспоставената пракса од минати години.

**Препорака:**

Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евиентираат на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

10.4.6. Ревизијата се оградува од реалноста и објективноста на ставката Обврски спрема добавувачите во земјата која во Билансот на состојба е проценета во износ од 10,462 илјади денари,а поради следново:

- Обврската кон АД Тајмиште од 280 илјади денари произлегува од евидентирана вредност на конечна ситуација за изградба на водовод во с. Ореовец по договор меѓу М.З. Ореовец и АД Тајмиште. Според објаснувањето од раководителот на секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина, всушност тоа е дел со кој изведувачот учествува во изградбата на овој водовод. Во склучениот договор општината нема обрска за учество, доставената конфирмација до АД Тајмиште не е вратена;
- За утврдените обврски кон АД ЕСМ во износ од 3,690 илјади денари извршено е усогласување на побарувањата и обврските заклучно со 31.07.2006 година, но само за делот на неплатените обврски на општина Македонски Брод, а записнички утврдените состојби не се прокнижени во сметководството на општината;
- Испратената конфирмација до Македонија пат не беше вратена до Државниот завод за ревизија.

Непочитување на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници придонесува до нереално проценети позиции и до нереални финансики извештаи.

**Препорака:**

Да се изврши усогласување на обврските што општина Македонски Брод ги има кон споменатите добавувачи и да се изврши ажурирање на состојбите во сметководственат евиденција.

10.4.7. Извршено е потценување на ставките Активни временски разграничувања и Обврски спрема државата и други институции во износ од 11 илјади денари за непресметаниот и неплатен персонален данок од доход по основ на исплатени 60 илјади денари надоместоци за физички лица ангажирани за изведба на фекална канализација во с. Долни Манастирец и реконструкција на градска болница, кои средства се обезбедени од Буџетот на општина Македонски Брод што е спротивно на Законот за персонален данок од доход.

**Препорака:**
Да се вкалкулира обврската и истата да се плати. За исплатата на средства за кои не се предвидени даночните ослободувања согласно член 6 од Законот за пресонален данок на доход, задолжително да се пресметува и плаќа персонален данок.

### 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

### 10.5.1. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

10.5.1.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, Ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 19/04, 109/05) и тоа:

- Не се води регистар на постапките за јавни набавки што е спротивно на член 17 од законот;
- Спротивно на член 21 не се поднесуваат изјави во писмена форма, заради обезбедување од конфликт на интереси;
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност согласно член 72 од законот;
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.

10.5.1.2. Во текот на 2005 година извршени се набавки во вкупен износ од 39 илјади денари спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки кои набавки се однесуваат на:

- канцелариски материјали од фирмата Фокус – МА во износ од 27 илјади денари и
- услуги за печатење во износ од 12 илјади денари од печатница Графомак.

10.5.1.3. Спротивно на член 56 од Законот за јавни набавки, без постапка за јавна набавка со отворен повик, склучен е договор број 07-388 од 25.10.2005 година со АД „Македонија пат“ во износ од 2.794 илјади денари за изведување на градежно асфалтерски работи на улици во Македонски Брод. Ова е направено со цел искористување на средствата што ги обезбедува Фондот за магистрални и регионални патишта на РМ согласно програмата за 2005 година.

Неспроведување на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.
**Препорака:**
Градоначалникот да создаде услови за целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е преценување на расходите а потценување на Вишокот на приходите над расходите во износ од 66 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2005 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2005 година во вкупен износ од 16,976 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.1. до 10.4., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Македонски Брод под 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.3.2. и 10.5., кај сметката на Органот на Општина Македонски Брод, остварено е законско и наменско користење

на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека Општина Македонски Брод е тужена странка во судски спорови наследени од општина Самоков и тоа:

- По основ на неплатени надомест на штета кон физичко лице во износ од 285 илјади денари;
- По основ на спор со ПГУП Мартин – Самоков во износ од 1,417 илјади денари за надмест на штета за проект.

Општина Македонски Брод води судски спор со неколку физички лица за неплатен надомест за уредување на градежно земјиште во износ од 466 илјади денари.
Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Македонски Брод за годината која завршува со 31 Декември 2005 година.

**15. Прифатени и спроведени корекции во текот на ревизијата**

15.1. Обврските кон добавувачите искажани во Билансот на состојба од укинатите Фондови за локални патишта, улици и комунални дејности во општина Самоков во износ од 1,982 и во општина Македонски Брод во износ од 1,388 илјади денари се евидентирани како обврски на општина Македонски Брод согласно Законот за територијална организација на единиците на локална самоуправа и Законот за финансирање на ЕЛС по даденото укажување од ревизијата.

15.2. Превземена е состојбата на сметките Активни временски разграничувања и Обврски за даноци и придонеси за неплатените даноци од општина Самоков во износ од 1 илјади денари по даденото укажување од ревзијата.

**Скопје 17 .01.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 317 | 0 |
| Неданочни приходи | | 0 | 2 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 9.972 | 3.992 |
| **Вкупно приходи** | | **10.289** | **3.994** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 3.302 | 1.118 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.3.2. | 11 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.3.3. | 3.689 | 1.603 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.4. | 69 | 65 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **7.071** | **2.786** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 3.218 | 1.208 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **3.218** | **1.208** |
| **Отплата на главнина** | | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **10.289** | **3.994** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 185 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 10.509 | 463 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10.509** | **648** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 260 | 260 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 9.728 | 9.946 |
| **Вкупно постојани средства** | | **9.988** | **10.206** |
| **Вкупна актива** | | **20.497** | **10.854** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 10.465 | 394 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 18 | 185 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 26 | 69 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **10.509** | **648** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 9.988 | 10.206 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **9.988** | **10.206** |
| **Извори на други средства** | | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **20.497** | **10.854** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **10.206** | | **10.206** |
| **Зголемување по основ на:** | **53** | **-** | **53** |
| Набавки | 19 | | **19** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| превземени од укинати субјекти | 34 | | **34** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| Расходување | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **271** | | **271** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | 271 | | **271** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **9.988** | **-** | **9.988** |